

### ПРОТЕСТ ПОРАДИ ЗАТВОРАЊЕТО НА ИЗЛОЖБЕНИОТ ПРОСТОР ВО МКЦ

# Во цивилизираните држави во тек е обратен процес

*Ова го тврдат 30-ината уметници, потписници на петицијата за враќање на изложбениот простор на МКЦ, каде што своите први изложби ги доживеале мнозумина сега веќе етаблирани автори*

Одлуката на раководството на Младинскиот културен центар, досегашните изложбени простории на центарот да ги изнајми на балетското студио „Ребис" предизвикаа низа негодувања меѓу уметниците.

„Галеријата при МКЦ, тогашниот Дом на млади, 27 години функционираше како единствен простор во кои младите ликовни уметници можеа за првпат да ѝ се претстават на публиката, место каде што својата кариера ја почнаа огромен број денес етаблирани уметници, почнувајќи од Анета Светиева до Милчо Манчевски", велат во својата петиција 30-ина македонски уметници, кои, на своите почетоци, исто така, излагале во овој простор. „Со тоа оваа галерија сосема заслужи да ја имаме како дел од историјата на македонската ликовна уметност", се вели во петицијата потпишана, меѓу другите, и од Томе Аџиевски, Славчо Соколовски, Александар Станковски, Бети Аврамовска, Игор Тошевски, Јован Шумковски, Беди Ибрахим, Искра Димитрова, Тони Мазневски, Жанета Вангели, Марга Киселичка, Моника Мотеска.....

Во петицијата се дообјаснува дека од вкупниот простор во МКЦ, денес од околу 5000 метри квадратни, поголемиот дел е изнајмен на приватни фирми, а за културните потреби на младите се оставени, покрај канцелариите на вработените, само уште киносалата, театарската и концертната сала. „По кој критериум овој град има поголема потреба од театарски, музички и балетски простори за младите автори, за разлика од оние за ликовна уметност?". Петицијата, која треба да стигне до Министерството за култура, завршува со прашањето: „ Дали не треба да се запрашаме за идниината на македонската ликовна продукција, кога секојдневно исцезнуваат просторите достапни за изложби? Во некои поцивилизирани држави во тек е обратниот процес..."

Раководството на МКЦ има поинакво мислење.„Во галеријата, во подолг период, изложбите имаат незначителна публика и траат, практично, само на денот на нивното отворање", вели Кочо Божиновски. „Нашата идеја беше галерискиот простор да биде преселен во холот пред киносалата. Со соодветно осветлување и со помош на подвижните паноа, очекуваме, на кино публиката и на театарската публика, која е многу побројна, да ѝ ја приближиме и ликовната уметност и, на тој начин, меѓу нив да регрутираме нова ликовна публика".

**Ј.Ф.**